**20221972758**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 септември 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22, 64/22, 88/22, 118/22, 123/22 и 171/22) во делот II во табелата по подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1.20. | Дополнителни директни плаќања за произведено и предадено грозје во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија |

II

Во делот XV во табелата во мерката 1 по бројот „1.15.“ се додава бројот „1.20.“

III

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7580/1
6 септември 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.